КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Арх. знак: 02-361/3
Дата: 16.4.2020 година

Врз основа на членот 15 т.13 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Управниот одбор на КОАИ, на седницата одржана по електронски пат, на 16.4.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

за отворање на Фонд за помош – Ковид-19

1. Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери алоцира средства од тековната сметка на комората во наменски ФОНД ЗА ПОМОШ на активни членови на Комората, кои ќе побараат помош заради последици кои ги претпеле од постојната Пандемија предизвикана од вирусот Ковид-19.
2. Во фондот за помош се алоцираат 1.800.000 денари (приближно 30.000 евра). Средствата од овој фонд може да се користат исклучиво за намената утврдена во член 1 од оваа одлука. Неискористените средства, по завршување на активностите предвидени со правилникот за користење, се враќаат во тековната сметка на Комората.
3. Одлуки за помош на активни членови на Комората, кои се афектирани од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, се донесуваат врз основа на *Правилник за користење на средствата од Фондот за помош на членови на Комората, или членови на нивните семејства кои имале последици од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19*.
4. Одлуката да се достави до: членовите на Управниот одбор, Претседавачот на Собранието на Комората и архивата на Комората.

Претседател
на Управниот одбор на Комората

Проф. д-р Миле Димитровски

Изработил ДА
Контролирал: МД